Македонска нација

ОРГАН НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Ден на македонската полиција, симбол на чест, одговорност и патриотизам

7 Мај е ден кога оддаваме почит на македонската полиција, на сите оние храбри мажи и жени кои со животот и делото го бранат редот, мирот и достоинството на државата. Тоа е ден кога го славиме професионализмот, пожртвуваноста и непоколебливата љубов кон татковината.

Македонската полиција не е само институција, таа е столбот на безбедноста, чуварот на уставниот поредок и првата линија на одбрана од криминалот, насилството и сите обиди за дестабилизација на државата. Во време на предизвици, кризи и закани, македонските полицајци се тие што не отстапуваат. Стојат исправено, без разлика дали се на улица, граница, протести, во потраги по исчезнати или во борба со организиран криминал.

Нивната служба не се мери во осум работни часа, туку во деноноќно дежурство, во секунда реакција, во животна одлука донесена за миг. Зад униформата стојат луѓе со семејства, со соништа и болки, но пред сè, со големо срце и чувство на должност кон Македонија.

Овој ден е и потсетник на сите оние што животот го дадоа во служба на народот. Паднатите херои на македонската полиција заслужуваат вечна слава и почит, тие се впишани во историската свеска на нацијата, како пример за храброст и пожртвуваност.

Денес, под водство на Владата и Министерството за внатрешни работи, се гради силна, модерна, народна полиција со зголемена транспарентност, подобрени услови, технолошка опременост и силна поддршка од граѓаните. Министерот Панче Тошковски и неговиот тим покажуваат дека полицијата може да биде пример за чесност и професионализам, и дека довербата во институциите се гради со дело, не со збор.

Полицијата е народна кога го брани народот. Таа е силна кога има поддршка од државата. Таа е ефикасна кога има јасна визија, и горда кога знае дека работи за нешто повисоко, за слободна, безбедна и праведна Македонија.

Нека е честит Денот на македонската полиција!